## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 ноември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме по 32-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Силвана Бонева, Андреј Жерновски, Јован Манасијевски, Иван Стоилковиќ, Стојан Андов, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Бесим Догани, Флора Кадриу, Јован Лазарев, Радмила Шекеринска, Цветанка Иванова, Томе Чиговски, Маринела Тушева, Фијат Цаноски, Лилјана Поповска, Томе Данев, Павле Трајанов, Владимир Ѓорчев, Христина Рунчева, Али Ахмети, Исен Џемаили, Вулнет Амети, Феми Јонузи, Теута Арифи, Јулиета Марку, Имер Селмани, Сулеман Рушити, Амди Бајрам, Тахир Хани и Игор Ивановски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 6 - Предлог закон за изменување на Законот за фондот за осигурување на депозити - прво читање**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и на Законодавно-правна комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија господинот Марјанчо Николов тој е и овластен претставник на предлагачите, господинот Мисовски Горан, господинот Минчев Горан, господинот Андонов Миле, господинот Макрадули Јани, господинот Николовски Александар, господинот Димитровски Ратко.

Пред да почнеме со збор, процедурално госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван господине претседателе.

Чувствувам обврска само да ве известам, да ве информирам за нешто што го договоривме со дел од колегите и колешките во текот на претпладневната сесија. Имено, во врска со недолично изразување за некои пратеници и пратенички на одреден медиум имаше една неформална средба од група пратеници, со оглед на тоа дека не сите ја имавме гледано таа емисија, заклучивме дека ќе биде најдобро да се свика комисија за еднакви можности за мажите и жените, да се побара снимка од соодветниот медиум и потоа по таа снимка да заземеме став, за кој што вие ќе бидете информирани.

Вака ме задолжија и официјално да ви го соопштам тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Се согласувам.

За збор се јави овластениот претставник на предлагачот, господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, ова е исто така еден од законите кои што пратеничката група на СДСМ го поднесе, се со цел Република Македонија да понуди одредени мерки кои ќе значат управување со кризата која што се повеќе го зафаќа светот, а според проценките нема да биде заобиколена ниту Република Македонија. Пратеничката група на СДСМ се реши на поднесување на Предлог закон за изменување на Законот за фондот за осигурување на депозити, се со цел да се предожи зголемување на лимитот кој што сега Фондот го гарантире по однос на депозитите на граѓаните. Знаеме дека според постојното законско решение Фондот ги обештетува граѓаните во случај на пропаѓање на некоја банка или штедилница во полн износ од 100% доколку депозитот е 10 илјади евра, а 90% доколку депозитот е над 20 илјади евра. Ние предлагаме овие одредби од постојниот закон да се избришат и вкупната сума на гаранција која што ќе ја дава Фондот за осигурување на депозити по однос на штедни влогови на граѓаните да биде 50 илјади евра. Сметаме дека ова може да претставува една од мерките во насока на намалување на тензијата кај граѓаните до која би дошло доколку се појават одредени проблеми во смисла на тоа банките да не можат да ги сервисираат навреме депозитите на граѓаните во ситуација кога тие сакаат да ги повлечат. Сведоци сме дека светот се соочува можеби со најголемата криза после големата криза од 1929 година. Американската администрација и европските влади имаат кооридиниран одговор на глобалната финансиска криза. Тие внесоа две трилиони долари во финансискиот сектор. Централните банки ги намалија каматните стапки, паниката на светсите финансиски пазари се смири. Но, кризата се прелеа во реалниот сектор на глобалната економија.

Една од најголемите последици на финансиската криза е тоа што ќе може многу потешко да се добие кредит. Нобеловецот Штиглиц вели дека, светот се соочува со проблем на ликвидност. Според него ние сме во првата фаза на спиралата која води надолу. Тоа е секако дел од неизбежниот процес на прилагодување, враќање на цените со недвижностите, на ниво на еквилибриумот и ослободување од долговите. Се очекува потрошувачката да се намали, а како резултат бизнисот и инвестирањето да биде помало. Меѓународниот монетарен фонд дури

предвидува дека невработеноста во Европската унија ќе се зголеми над 8% во 2009 година. Најлошо ќе биде погодена Шпанија каде невработеноста може да биде блиска до 15% следната година.

Знаеме дека сега финансиската криза веќе се прелеа и во реалниот сектор и сведоци сме дека секој ден медиумите известуваат за се потешки и потешки услови за стопанисување. Се повеќе фирми најавуваат пропаѓање и банкрот, едноставно се создаваат предуслови голем број од фирмите да се затворат и работниците да останат без своите работни места. Проценките се дека на ниво на Европската заедница, можеби над 30 милиони работници ќе го изгубат своето работно место.

Каде е тука Република Македонија? Нашата Влада, за жал, и покрај најавите за почеток на финансиската криза, а таа знаеме дека на некој начин можеби ја заобиколи Република Македонија поради неразвиеноста на банкарскиот сектор кај нас, сега се соочува со криза во реалниот сектор, односно во работењето во претпријатијата. Дел од големите металургиски комбинати веќе испуштија дел од вработените, најавија намалување на производството и немање порачки за нови бизниси, веќе се појавуваат во текстилната индустрија, исто така се појавуваат и во други сектори во економијата. Тоа покажува дека 2009 година можеби ќе биде една од најтешките години во економисите на Република Македонија .

Ако претходно имаше одредени знаци дека се постигнува одреден развој, сега постојната економска криза тој развој ќе го намали, можеби целосно да го стопи и Република Македонија да влезе и во негативни стапки на развој.

Цениме дека Владата како најодговорна треба да понуди сет на мерки со кои што ќе се справи со овие последици. Тие, за жал, и покрај сите апели и од страна на пратениците, политичките партии, бизнис секторот, сега за сега се оглушуваат на било какви можности да воведат некои мерки со кои што ќе ја олеснат економијата во Република Македонија. Сведоци сме дека тие се однесуваат индиферентно и наспроти праксата во сите околни држави да поризведуваат рестриктивен буџет, нашата Влада се реши да го предложи најголемиот буџето во историјата на Република Македонија, велејќи дека преку Буџетот ќе го стимулирала развојот, дека тој Буџет е развоен, но за него ќе дебатираме кога ќе дојде на дневен ред на ова Собрание. Целта ми беше да укажам дека немаме впечаток дека нашата Влада сака да се соочи со евентуалните последици од кризата. Голем број од работници веќе ги изгубија своите работни места. Бројката е веќе 1500 до 2000. Уште многу бизнис сектори најавуваат намалување и отпуштање на работници. Цениме дека барем во таа насока Владата можеше да понуди социјални пакети на оние луѓе кои ќе останат без работа. Упатувањето на системот на социјална помош што го направи министерот за финансии на Комсијата за финансирање и буџет, не е решение. Не е решение затоа што овие луѓе ќе останат на улица поради други причини. Оптоварувањето и праќањето на социјалниот систем, а знаеме дека социјалната помош таму е многу мала, дебатиравме за тоа кога беше законот за енергетска сиромаштија, според нас не е вистинско решение. Треба да се понудат вистински решенија во насока на обезбедување на социјални пакети, зависно од тоа колку време ќе трае кризата, одредени олеснувања за фирмите во смисла на некои давачки, да се разгледа можноста да им се понуди поефтина електрична енергија која што исто така ќе расте, иако цената на нафатата паѓа, едноставно Владата да покаже макар и малку чувство на заинтересираност да излеза во пресрет на проблемите кои се најавуваат во економската криза.

Ние сметаме дека законот кој што го предлагаме е една од мерките. Значи, не е целосно решение, туку една од мерките како Република Македонија да избегне евентуална финансиска криза. Зошто се решивме на овој чекор. Знаеме дека банките во Република Македонија можеби не ја почуствуваат толку финансиската криза затоа што на некој начин се изолирани, нивниот начин на работење не е како оној на банките од западните земји каде има многу инструменти по кој основ можат да добијат кредит, населението. Нивната структура на капиталот од кои одобруваат кредити, во најголем дел 7%, се потпира на депозите на населението, многу малку 2 до 3% користат средства по основ на позајмени кредити дали од странски банки, дали од централната банка или од друга банка. Значи, 97% од капиталот од банките во Република Македонија потекнува од депозити на граѓаните. Замислете, да дојде ситуација граѓаните да почнат да си ги повлекуваат своите влогови затоа што сметаат дека државата не е доволно моќна да ги гарантира нивните депозити. Ќе дојде до масовно намалување на капиталот на банките. Тоа ќе ја ограничи можноста да одобруваат кредити, значи населението ќе остане без потрошувачки кредити, фирмите ќе останат без кредити за развој на економијата и едноставно ќе се создаде предуслов за пропаѓање на финансискиот сектор во Република Македонија.

Најголем дел од банките, исто така, мораме да кажеме дека се во странска сопственост. Од 18 банки, 11 банки во Република Македонија се сопственост на странски банки, но странските банки во Република Македонија сеуште немаат воведено нови системи, нови механизми за кредитирање на граѓаните или за обезбедување на средства и тие во најголем дел се потпираат на депозитите на граѓаните. Тоа е разбирливо затоа што тој капитал што го добиваат банките од граѓаните е најефтин и банките по тој основ може и најмногу за заработат, доколку разликата меѓу пасивната и активната каматна стапка е голема. Затоа, почитувани пратеници, предлагаме, за да се елиминира секаков сомнеж кај граѓаните дека

државата нема да гарантира за нивните штетдни депозити и евентуално дека нема да ги обешетети, постојниот лимит од 10 иљади евра да се зголеми на 50 илајди евра и да пратиме јасна порака до граѓаните дека банките навистина се стабилни и сигурни и дека државата ќе ги обештети граѓаните доколку се појави било каков проблем. Не е целта да создаваме паника или да укажуваме. Факт е дека во моментот нема финансиски проблеми кај банките во однос на ликвидноста, но сметаме дека како една од мерките со која се праќа јасен сигнал за стабилноста и решеноста на државата да гарантира за депозитите, е зголемување на лимитот. Можеби дел од банките тоа ќе ги чини извесна сума на пари која треба да ја повлечат во фондот, но тоа ќе биде мотив за многу други штедачи доколку се во можност да штедат во банките, да не ги повлекуваат своите средства и мислам дека можат банките само да добијат од ваков закон, а исто така и граѓаните на Република Македонија. Затоа ве повикувам и барам ваша подршка за овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Крсто Муковски, повелете.

**Крсто Муковски:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Марјанчо, мојата реплика сакам да ја започнам токму со вашата констатација. Ќе се обидам да ве цитирам. Велите: " замислете граѓаните да почнат да ги повлекуваат своите депозити од банките".

Мислам дека со овој Предлог закон што денес вие го предлагате токму ќе создадете такво чувство кај граѓаните и недоверба кај нашиот финансиски ситем.

Прашањето во делот на осигурувањето на депозитите го разговаравме на повеќе форуми. Неколку пати го разговаравме на нашата матична Комисија за финансирање и буџет, го разговаравме исто така на Комисијата за финансирање и буџет кога расправавме за последиците од светската криза врз Република Македонија, каде беа присутни сите релевантни фактори, од Министерството за финансии, Народна банка, стопанските комори и сите констатиравме дека светската финансиска криза во моментот не се чувствува по финансискиот сектор во Република Македонија. И дека токму со овој закон што сега е во сила, Закон за осигурување на депозитите до 10 иљади и до 20 иљади евра значи 100% и 90% ги опфаќаме најголемата група на штедачи во Република Македонија, над 90%. Искрено, не знам која категорија на граѓани во моментот вие како лева сила, ја застапувате. Многу е мал процентот на оние граѓани што имаат 50 иљади евра штедни депозити. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Му благодарам на колегата за репликата.

Жал ми е што повторно вашата интенција е да импутирате нешто на СДСМ без да дебатирате без аргументи по однос на Предлогот на законот.

Да ве потсетам дека и Република Бугарија исто така донесе закон со кој гарантира до 50 иљади евра. И таму структурата на штедните влогови, од аспект на нивата висина е ист. 99% се до 10 иљади евра, па не ја спречи бугарската Влада да предложи вакова закон.

Еве лично да ве запрашам, ако вие имате 15 иљади евра во банка, карикирам, кога државата ви гарантира до 10 иљади евра, вие или ќе ги повлечете 5 илајди евра, или ќе отидете да отворите штедна книшка во друга банка и со тоа создавате паника, а додека ако гаранцијата ви е 50 иљади евра сигутно дека, ако не ви се потребни средствата, ќе ги оставите на книшка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Расправаме по предлог законот за изменување и дополнување на Законот за фондот на осигурување на депозити, поточно измената на член 9 став 2 точка 1, а се однесува на зголемување на сумата што Фондот ја гарантира за депозитите на граѓаните од сегашните 10 иљади евра во денарска противредност на 50 иљади евра во денарска противредност и сакам веднаш во името на пратениците на НСДП да дадам подршка на овој закон. Сметам дека законот е предложен во вистински момент.

Дозволете ми да дадам едно кратко образложение зошто пратениците од НСДП ќе го подржат овој закон.

Имено, финансиското Цунами што ги зафати САД започна со кризата на недвижности, или поточна нарушувањето на рамнотежата на пазарот на недвижности, предизвика криза на целиот банкарски систем што повлече пад на берзата и се создаде една општа нестабилност и недоверба комплетно во целиот финансиски сектор. Пропаѓањето на банките во САД и финансиската криза која ја потресе скоро цела Европа, САД и официјално објавија дека се во рецесија. Многу европски држави се веќе на прагот на рецесијата, а Франција имавте можност да слушнете пред неколку дена дека веќе е во рецесија. И кога САД и Европската унија колнејќи се на основните постулати на пазарната економија преземаа мерки на државен интервенционизам од невидени размери, планот на американската администрација да вбризга 700 милијарди долари за откуп на лошите средства во финансиските иснтитуции е еден барометар.

Се поставува прашањето каде и како се движи македонската економија и финансискиот сектор. Во услови на светска економска криза, нема

сомнение дека во текот на идната година условите за извоз на македонските компании ќе се влошува. Заради влијанието на глобалното економско забавување треба да се очекува дека во земјата ќе влегува се помалку капитал, што секако ќе се одрази на инвестициите. Извозниците особено оние од црната металургија кои извезуваат на европскиот пазар веќе анјавија дека работат на границата на рентабилитетот. Исто така најавуваат и отпуштање на многу работници. Најавуваат, што е секако најалармантно, стагнирање на инвестициите заради зголемување на каматата. Ако над 65% од македонското производство се продава на европскиот пазар, кој што влегува во длабока рецесија, ако силниот сигнал или аларм доаѓа од најголемите извозници за намалување на производството и отпуштање на работници како резултат на светската рецесија и финансиската криза, имам чувство дека Валдата на Република Македонија нема капацитет да се справи со последиците од оваа криза, дека Валдата нема концепт за справување за сега со најголемиот трговски дефицит кој досгитна 2 милијарди долари. Имам чувство дека Владата воопшто нема концепт за економијата и во сферата на финансии, туку едноставно немо ги посматра сите случувања и негативни трендови во светската економија, окупирајки се себе си со рејтингот и саморекламирањето.

Овде сакам почитувани колеги пратеници да се задржам на Извештајот од Законодавно-правната комисија кој е спротивен на Деловникот на Република Македонија. Јас не знам претседателе како сте можеле да дозволите, спротивно на членот 128, Законодавно-правната комисија или Благородна Дулиќ како што стои да не го потпише Извештајот. Во членот 128 стои дека претседателот на Комисијата е должен да го потпише Извештајот заеади потврда на веродостојнсота на тоа што е изнесено. За Извештајот е бесмалку срамен госпоѓо Дулиќ, за една ваква сериозна тема да напишете две реченици и вие и почитуваниот колега Оливер Дерковски, ми е жал што не е тука, но јас ќе морам да полемизирам со вас во врска со Извештајот.

Оливер Дерковски на седницата на Законодавно-правната комисија вели: кризата може да ја зафати нашата држава,но ефектите ќе бидат многу помали од оние што се јавуваат во светот. Ова како резултат пред се на нашиот затворен финансиски пазар, кој во изминатиот период не се доизградил, односно се отворил кон светот, поради што и негативните ефекти ќе бидат многу помали. Ова почитувани колеги пратеници не е точно, ова е лага. Македонскиот финансиски сектор и те како е зависен од светскиот финансиски сектор. Говореше и мојот колега, 11 банки од 18 во Република Македонија се во посед на странски банки. Ако 50% од депозитите во овие банки се чуваат надвор во таканречените првокласни банки и ако недај Боже се случи некоја од овие првокласни банки банкротира, дали мислите дека тие ќе имаат чувство за депозитите во своите источни филијали. Сакам да го демантирам колегата Дерковски со изјавата на господинот Томас Миров, директор на Европската банка за обнова и развој. Вели: “кризата полека се префрла во Источна Европа кај поранешните социјалистички држави на балканскиот простор, затоа што голем број тамошни банки се филијали и разграноци на западните банки”. Тоа се негови зборови, на директорот на Европската банка за обнова и развој. “Во сегашната криза на западното банкарство може да се случи тоа да не може да ги подржува и помага своите источно-европски филијали што ќе предизвика недостиг од нови инвестиции и големи штети на економијата во некогашните социјалистички држави”. Тоа е изјава на директорот на Европската банка за обнова и развој.

Бидејки колегата Марајнчо Николов говореше нешто околу депозитите, само сакам да потенцирам, да дадам подршка на неговата забелешка дека колку што банките се зависни од светските финансиски институции исто толку се зависни домашните депозити. Од вкупно 184 милијарди денари депозит на граѓаните и на формите, 107 милијарди денари се депозити на граѓаните, од кои 71 милијарда се депозити орочени на подолг период. Токму заради овие депозити опозицијата предлага еден ваков закон.

Да одам понатаму со Извештајот. Госпоѓата Дулиќ, претседател на Законодавно-правната комисија потенцира: несигурноста која се јавила на почетокот на кризата, цени Дулиќ, дека е надмината со тоа што било објаснето дека банкарскито систем во Македонија е затворен и дека не е поврзан со светските банки и е независен од нив. Заради тоа што Оливер Дерковски ви дал таква сугестија вие тоа сте го прифатиле и одите понатаму, вели вака: поради ова Дулиќ потсети дека граѓаните кои на почетокот од кризата ги имале извадено своите депозити од банките повторно се одлучиле да ги вратат во банките, што зборува за нивната доверба во банкарскиот систем.

Еве коелга Муковски веднаш ве демантира. Контрадикторни изјави на вас, Оливер Дерковски, сега на претседателот на Закондоавно-правната комисија. Ако се навратам на Извештајот и неговата последна реченица, од почитуваниот колега Дерковски, вели вака: донесувањето на овој закон за граѓаните ќе ги спречи, ќе даде сигнал на државата дека нешто се случува во банкарството. Тоа веќе гонаправила почитуваната колешка Дулиќ, која што вели дека на почетокот од кризата признава дека во Македонија има криза, но уште еднаш тоа сугерира, сугерира на сите директори на банките во Република Македонија да не се секираат, Дулиќ еве ви ветува дека граѓаните ги враќаат своите депозити во банките, немојте да се секирате, спијте си мирно.

Ова парламентарно мнозинство, а секако и Владата се должни, мора да ги подржат

предложените измени во Законот за фондот за осигурување на депозити се со цел да се намали стравот и паниката. Тоа е основната цел на предложениот закон и ако два дена некој ја обвинуваше опозицијата дека продуцира закони само за да говори и дека законите ги пишува клекнат на колена, тогаш не знам почитуваната колешка Дулиќ како го пишувала овој Извештај, дали на грбот на некого, дали на карпата која што ќе ја градите, навистина не знам.

Но, сакам на крајот, бидејки времето ми истекува, да ве повикам уште еднаш колеги пратеници токму во функција на стабилизирање на она што се случува во македонските банки да го подржиме овој Предлог на закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете,

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

Очигледно на колегите не им се бендисува она што се дискутираше на комисиите и што е верно пренесено во записникот и во Извештајот, а ако не им се бендисува тоа е нивен проблем. Меѓутоа, не може да се полемизира на ваков начин со она што е изнесено во писмените документи. Инаку за известување на колегата, само оригиналите се потпишуваат, а се она друго што се поделува што се вели на пратениците е без потпис, што е разбирливо да не бидеме принудени ние претседателите на комисиите 120 извештаи да потпишуваме своерачно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Јас мислев госпоѓо Дулиќ, дека ќе се осврнете нешто во врска со законот, еве ќе искористам можност само како една дополна бидејки времето беше многу кратко. Сакам да ве информриам дека на 7 октомври во Луксембург, Советот на Европа или оној Економскиот форум, заседаваше во врска со светската криза, оригиналниот документ го имам на англиски кај мене, заклучоците на тој форум се дека сите земји членки на Европската унија не се задолжуваат, им се препорачува минимум средства кои што ќе ги обезбедува државата, за кои што ќе гарантира да бидат 50 илајди на некои 100 илајди. Само сакам да ве потсетам на изјавата на грчкиот гувернер, гувернерот на Централна банка, кој што упатува грчката банка средствата да ги користи за домашни потреби. Најголемата банка во Македонија грчка.

А, што се однесува до Ивештајот, не знам зошто ви е тешкод а го потпишувате јас вака не знам дали сте вие Благородна Дулиќ или Јагнула Куновска, навистина не знам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Минчев Горан, повелете.

**Минчев Горан:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници.

Денешнава расправа е директно поврзана со темата која што го тресе целиот свет, а тоа пред се навистина е една голема економска криза. Оваа криза, почитувани колеги пратеници добива се поголеми размери, така да веќе можеме да ја наречеме една планетарна криза, и ниедна држава на светот не е имуна на ефектите кои што ги создава оваа криза и ни една држава не може да си дозволи едно пасивно набљудување на ситуацијата во која што се наоѓа било која држава, без да се превземат било какви мерки, економски пред се за ублажување на новосоздадените проблеми.

Конкретнава точка за која што расправаме е предлог за интервенција, кој во голема мера ќе го заштити банкарскиот сектор од несакани ефекти, меѓутоа исто така и од можни сериозни проблеми. Знаеме дека евентуалното загрозување на овој сектор, исто така ќе повлече со себе и голем друг дел од македонската економија. Меѓутоа како што имавме прилика да слушнеме на онаа неколку пати репризирана емисија по повод 100-те дена Влада, која што исто така доби посебни димензии, што патем речено ни испадна како некој јубилеј, а не како еден неформален период во кој што се оценува работата на една Влада. Премиерот Груевски лично изјави дека сличен закон како овој се чувал во фиока, а ќе се активирал ако оценел дека е потребно. Прашање е сега дали тој лично, Владата или пак неговите економски консултанти ќе оценат дали е време овој закон да се поднесе кој што го најавува.

Пред извесно време од страна на највисоките владини претставници, чувме дека светската економска криза ќе ја заобиколи Македонија. Добро ќе беше да е така почитувани колеги, меѓутоа испадна дека не е. Македонија е исто така дел од светската економија и се подразбира дека економската криза ќе се почувствува и тука. И тоа ни се случи многу брзо, иако сите најави ни беа дека тоа нема да биде така. Па се случија голем број на отпуштања на металуршките работници, па понатаму ни се случија други илјадници вработени да одат на принуден одмор, и пак нема никаква реакција. Тоа што нашата Влада, дефакто нашата држава е се поизолирана на меѓународен план, не значи дека самата земја преставува остров кој што е изолиран од другите земји и од другите економии пред се. И бидејки е факт, непобитен факт дека земјата нема да остане бес последици од овие глобални економски и негативни текови, јасно е дека мора итно да се превземат било какви соодветни мерки. И бидејки оној најавуван закон од премиерот Груевски, не знаеме што содржи, пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз го поднесе во Собранието овој Предлог закон за изменување на Законот за фондот за осигурување на депозити. Ние се водиме од логиката дека кога веќе постојат сознанија за можните последици од глобалната криза, треба нешто да се направи и иститe да се превенираат. Сигурно дека таквиот пристап кој што го форсираме ние ќе биде многу поефективен отколку да преземаме на врат на нос било какви

итни мерки откако ќе ни се случат проблемите или пак откако штетата која што ќе се случи во една таква економка криза ќе биде ненадоместлива и по можност тешко исправлива.

Затоа, предлагаме решенија кои се однесуваат на зголемување на Фондот за осигурување на депозити, при што се утврдува поголема сума која ја гарантира Фондот од сегашните 10 илајди евра во денарска противвредност на 50 илајди евра во денарска противвредност.

Како што имате во самиот Предлог закон односно во образложението, целта на предложениот закон е заштита на депозитите на граѓаните кои тие ги имаат пласирано во банките, влевање на една човечка дополнителна сигурност во банкарскиот систем, кој што е погоден сакаме да признаеме или не од светската економска криза и финансиска криза и предвидуваме заштита на македонската економија. Скоро сите европски влади веќе презедоа или пак најавија конкретни мерки во правец на заштита на домашните економии или пак евентуално за санирање на последиците кои веќе настанале.

Најавите, почитувани колеги да бидеме свесни, не се баш многу добри или пак позитивни за она што ќе се случува во наредниот период. Напротив, сите експерти и аналитичари предвидуваат дека ова што ни се случува овде во Македонија во овој момент е само почетна фаза на она што ќе следи понатаму. Проблемот реално на ликвидноста на банките е едно од централните пеашања во економската криза, која многумина тука во Македонија но и надвор од Македонија ја споредуваат со големата депресија која што беше од економски размери и која што беше во 30-тите од минатиот век.

Токму поради тоа, исклучително е важно да се зголеми во овој момент довербата на граѓаните во банкарскиот систем. Законот кој што го предлагаме денес е токму таков вид на мерка, мерка која што ќе ги заштити депозитите на граѓаните од евентуални проблеми во банкарскиот сектор. Истовремено, ова реално ќе претставува силен психолошки момент или пак фактор за граѓаните кои што ќе се почувствуваат побезбедни и нема да почнат во паника да ги повлекуваат своите депозити кои се пласирани во банките, а знаеме, сите сме свесни каков крах може да доживее македонската економија при недај Боже на еден таков развој на настаните.

Малку искрен да бидам, ме зачудува инертноста на нашата Влада и на големиот економски реформатор господинот Никола Груевски во однос на предупредувањата кои стигнуваат од сите страни. Имено, омилениот економски советник или вице премиерот на Владата, омилениот економски советник на Груевски господинот Зоран Ставрески, во неговото интервју за еден печатен медиум, на прашањето каква е препораката на ММФ и Светската банка за заштита од кризата одговара, цитирам: “препораката што ММФ и Светска банка им ја даваше на сите држави, а особено на земјите во развој”, а нели така се декларираме дека сме ние, “е во вакви околности владите да ја зголемат внимателноста и да ги следат состојбите во банкарскиот сектор, реалната економија и платниот биланс”. Продолжува понатаму господинот Ставрески: “нивната порака е дека до колку е потребно да се реагира со посебни мерки, тоа треба да се нарпави навремено, бидјеки така трошоците ќе бидат пониски, а ефектите ќе бидат поголеми”. Значи во оваа изјава на Ставрески клучниот збор е дека мерките кои што треба да ги преземеме треба да бидат навремени.

Овие измени на законот кои ги предложивме се токму такви, една навреме преземена мерка. Сметам дека и државата, па и самата Влада, ќе има навистина полза ако благовремено се подготви и се заштити од евентуален удар врз банкарскиот сектор.

Со прифаќањето на овие измени на законот за Фондот за осигурување на депозити на време ќе се обезбеди државата од несаканите ефекти во економијата.

Затоа, почитувани колеги пратеници од парламентарното мнозинство апелирам до вас да одговорите или пак сите заедно да одговориме на добронамерните предупредувања, а ние пак сите овде присутни како претставници на оваа законодавна власт да го превземеме својот дел од одговорноста во насока на справување со кризата и да ги изгласаме овие измени предложени од страна на мојата пратеничка група. Без разлика што се предложени од СДСМ вистински и искрено се добронамерни за државата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Андонов Миле, повелете.

**Миле Андонов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Значи сосема едноставен предлог за Законот за изменување на Законот на Фондот за осигурување на депозити. Бараме во членот 1 од овој закон членот 9 став 2 точка 1 бројот 10 илјади евра да се промени со бројот 50 илјади евра. Во ставот 2 точка 2 да се избришат. Целите на предложениот закон се заштита на депозитите на граѓаните кои тие ги имаат пласирано во банките, влевање на дополнителна сигурност во банкарскиот систем кој е погоден од светската финансиска криза и заштита на македонската економија. Начелата на кои се заснива овој предлог се законитост, социјална сигурност и заштита на приватната сопственост.

За спроведувањето на овој закон не е потребно да се обезбедат средства од Буџетот на Република Македонија и истиот не повлекува материјални обврски на одделни субјекти освен додатни средства од банките, а сепак знаеме дека банките се најпрофитабилните компании во последната деценија. Зошто пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија бара да се донесе и усвои овој Предлог на закон. Факт и неспорно е дека кризата се чувствува во

македонската економија. Најпрво се почувствува во реалниот сектор каде компаниите од текстилната, чевларската и металуршката индустрија па и во другите гранки и сектори во илјади се бројат вработените кои се на принуден одмор или се отпуштаат од работа. Ние не се сомневаме во намерата на Владата да се справи со кризата. Но факт е дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ сеуште нема предложено соодветни и конкретни мерки како да се соочи со предизвиците од кризата. А македонската економија не смее да биде брод на разбранувано море без кормилар. Напротив, Владата и Народната банка треба да реагираат и превентивно и конретно во насока на ублажувањето на последиците од таа криза. Во анализите на ефектите од глобалната финансиска криза врз македонскиот финансиски систем и реалната економија за мерките што надлежните институции ги презеле и ќе ги преземат за надминувањето на неповолната состојба претставниците односно одговорните лица ќе кажат. Најпрво ќе ја спомениме македонската берза. Тие ќе кажат. Ефектите и влијанието на светската економска криза најпрво се почувствуваа на берзата или поточно економската криза односно пазарот на капитал се интегрира со регионот. Значи кризата се прелеа преку регионот и во нашата република. Имаме огромен пад од 60 до 70% на прометот на капиталот. А одговорните пак од Комисијата за хартии од вредност ќе кажат. Психолошкиот момент е виновен за падот на тргувањето од хартии од вредност. Владините претставници, на прво место министерот за финансии, ќе ја префрли топката кај Народната банка. Точно е, монетарната власт треба да реагира. Во услови на затегнување на можноста да се добие кредит и намаленото побарување и намаленото бизнис инвестирање Народната банка мора да ја намали базичната камата т.е. каматата на благајничките записи. Таа сега изнесува некаде околу 7% и е многу висока во однос на земјите од регионот или од поразвиените земји во Европската унија. Со тоа се намалува можноста за бизнис инвестирањето. Значи, ќе се детерминираат два сегменти, психолошкиот момент од нивните кажувања и банките. Банките пак, се оние од кои најмногу зависи и опстојува македонската економија. Капиталот и депозитите на македонските банки се чуваат во странски банки. Банкарите ќе кажат, ние ги чуваме нашите средства во Шпанија, во Швајцарија, во Германија, Австрија и Италија. Добра работа е тоа што сите овие се комерцијални банки каде што го чуваат нивниот капитал, не се инвестициони. Не се како банката на браќата Лемон во Америка која имаше стопати поголема актива од бруто националниот производ на нашата држава. Видовме дека ја одземаа за 24 часа. На удар се тие инвестициони банки. Значи, нашите банки не ги чуваат нивните депозите, нивните средства во такви банки. Тоа е позитивна страна. Спротивно од странските банки, домашните, нашите банки се тотално зависни од домашните депозите. Или ако во европските банки, во странските банки 40% се потпираат на депозитите, 30% се потпираат на меѓубанкарско кредитирање, кое за жал овде во нашата држава нема меѓубанкарско кредитирање, останатото е кредитирање по основ од хартии на вредност, аквизиции, корпоративно кредитирање итн, нашите банки 96% од активностите се потпираат на домашните депозити, а само 3 до 4% се финансираат преку странски кредитни линии. Во случај на паника или губење на довербата на банките граѓаните масовно ги повлекувале своите депозити од шалтерите, што ќе предизвика силен удар врз нормалното функционирање на банките. Затоа, Владата мора да направи чекор со кој ќе влее доверба во банкарскиот сектор.

Финансиската криза во нашата земја, освен како резултат на глобалната финансиска криза е резултат и на негативните психолошки ефекти кај инвеститорите. Во тој контекст се постави дилемата дали психолошкиот момент не би можел да има ефект во насока на намалување на штедните влогови како основ на повлекување на постојните, така и по основ на идното вложување. Од тие причини предложениот закон треба да се прифати со цел превентивна заштита на штедачите како на постојните, така и на идните штедачи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Оваа тема за разлика од многу други кои што Собранието ги дебатира, веројатно е од исклучително значење за граѓаните на Република Македонија е еквивалент на интересите кои што се појавуваат во врска со целокупниот сплет на информации кои што ги имаме во јавноста, а поврзано со финансиската криза која што се случува во светот, чиј средишен дел го гледаме практично во оваа фаза. Јас искрено сум задоволен во делот на тоа што целокупните критики на нашите колеги од СДСМ во поглед на економската политика на Владата се сведуваат на критики за евентуални последици од глобални текови. Така беше во ситуацијата кога поради зголемената побарувачка и поради сушата имавме тренд на зголемување на цените на храната во светот па и во Македонија, таква беше ситуацијата кога поради глобалниот пазар имавме тренд на драстично зголемување на цената на нафтата и нафтените производи, така и конкретната ситуација кога продуцирано од кризата на инвестиционите банки и претходно кризата на хипотекарните договори во Америка, во светот ни се случува еден глобален тренд кој што повеќе одредени земји помалку ги зафаќа во овој виор. Јас се согласувам со пристапот во делот на тоа дека Република Македонија треба да има многу сериозен и аналитичен пристап во евентуално надминување или отстранување на евентуални последици кои што ќе ги има

Македонија. Тука, пред се, ќе се осврнам на анализите кои што ги дадоа релевантни субјекти од финансискиот пазар во Република Македонија, а многу помалку на овие политички дискусии во секој случај од нашите ценети колеги од СДСМ. Факт е дека и Народната банка и Министерството за финансии и банките како субјекти во Република Македонија излегоа со став дека финансискиот пазар во Република Македонија за среќа не е загрозен, дека евентуални последици можеме да очекуваме во делот на реалниот дел од финансискиот односно од стопанскиот сектор во Република Македонија. Плус на тоа Закон за гаранција на заштедите е донесен во период кога господинот Никола Груевски беше министер, за што беше многу строго критикуван од тогашната и од сегашната опозиција. Со тој закон знаете дека се гарантираат до 100% заштедите до 10 илјади евра и 90% заштедите до 20 илјади евра. И, оној податок што треба да го знаете дека некаде околу 98% од заштедите се гарантирани во согласност со тој закон. Иако е тоа така, Владата соопшти дека ако не дај Боже се процени ситуација дека би излегла во пресрет да донесе закон, а сега е прерано. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Најпрво да изразам разочарување што господинот Љубисав Иванов Ѕинго, без оглед на неговата големина и долгогодишниот престој овде во Собранието не собра сила да се извини на колешките од Собранието од сите пратенички групи и се надевам соодветна казна ќе му смислат моите колешки на кои што ќе се придружам и јас.

Почитуван претседателе, најпрво сакам да расчистиме една дилема. Имено, во Комисијата за финансирање и буџет во заклучокот се вели дека со еден глас “за”, осум гласа “против” и еден глас “воздржан” констатирано е дека законот не е прифатлив или со двете негации тоа значи дека е прифатлив и ве молам да расчистиме дали во овој момент има два различни заклучоци, дали требало да се сретнат комисиите за финансирање и Законодавно-правната комисија.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, нема два различни заклучоци, еден ист е, а тоа е дека законот не е прифатлив.

**Јани Макрадули:** Ама 8 гласале против дека не е прифатлив. Тоа значи дека е прифатлив. Прочитајте ја убаво реченицата, Комисијата за финансирање и буџет констатирала дека е прифатлив.

**Трајко Вељаноски:** Добро, колега, да не се надмудруваме, гласањето било дали е прифатлив и 8 биле против дека не е прифатлив. Штом гласале против дека не е прифатлив, значи не е прифатлив.

**Јани Макрадули:** Бидејќи таму не е добро напишано, во Законодавно-правната комисија која не ја ценела уставноста на законот, а бидејќи Законот е уставен и не го пишува тоа, а постои ваков закон само се менува бројката, повторно Законодавно-правната комисија не констатира тоа што во Деловникот го пишува да ја констатира уставноста и тоа да го набележи овде, туку “несигурноста која се јавила на почетокот на кризата цени Дулиќ, дека е надмината”, со тоа што било објаснето дека банкарскиот систем во Република Македонија е затворен и дека не е поврзан со светски банки и не зависи од нив. Затоа, би сакал госпоѓата Дулиќ да ни објасни зошто банкраскиот систем во Македонија е затворен, зошто не е поврзан со светските банки и зошто не зависи од нив. Или, зошто постојното законско решение е доволно за заштита, бидејќи имајќи ја предвид имотната моќ на нашите граѓани. Имотната моќ можеме за Груевски да зборуваме, тој е по имотната моќ. Не мислам дека сите во Република Македонија се со таква имотна моќ. Веројатно, друго требало да пишува овде. Затоа, бидејќи не верувам дека госпоѓата Дулиќ има толкави познавања, денеска на А-1 телевизија има извештај од Економскиот форум во Охрид. Министерот за економија од Владата на Никола Груевски вели: “Кризата во светската економија што се рефлектира со намалување на побарувачката и потрошувачката негативно се одрази врз домашните производители во второто полугоди од годината”. Нему му верувам. Или продолжува понатаму: “Кај нас финансиската криза сеуште не се рефлектира во светот, но се надеваме дека мерките кои ги предвидовме, иако првичните проекции за раст веројатно ќе треба да се корегираат”. Или според Извештајот на Дарко Станисавлевиќ од консултантската куќа Дилојте туш, тоа според него може да ги идврати инвеститорите да финансираат во бизниси во регионот. Експертите во цел свет и во Македонија, бидејќи не мислам дека тие во Владата се експерти, зборуваат за сериозни последици кои ќе настанат во Република Македонија и ќе ви кажам не е ова последица на тоа што во светот се случува. Владата на Република Македонија е единствена Влада во светот која сеуште нема преземено ниту еден чекор да се подготви за она што ќе не следи во 2009 година. Бидејќи, милува Владата да се бави со тужби, јас ви гарантирам оваа Влада ќе биде тужена од сопствените граѓани за инертниот индолентен однос кон светската економска криза и во тоа што со главата во песок седи, а цунамито кога ќе помине, тие со двојни пасоши ќе си отидат некаде и после не ќе знаеме да ги најдеме. Словенија ги гарантира сите штедни влогови, Бугарија ги гарантира до 50 илјади евра и сега зборуваме за независни банки за кои рече господинот Мисовски 11 од 18 се со странски капитал. Сега, на пазарот во Македонија имаме банки кои што имаат грчки капитал. Таму Владата и помага со 28 милијарди евра. Сега, ќе излезат напазар и ќе бидат компетитивни. Една банка каде што државата гарантира со 28 милијарди евра и друга банка која што државата си се шета

да се сретне со чуварите во Интел која што гајле нема за банките во Македонија. Која банка ќе биде покомпетитивна. Каде инвеститорот ќе се определи да земе кредитна линија, каде да ги стави парите, таму каде што државата гарантира или таа која што е оставена на ветрометина и на квалитетот на менаџментот. Со ова ги потуркуваме столчињата на кои што нашите банкари го работат ова. Државите, сигурно некој каде што државата гарантира полесно ќе се определи за таа банка, отколку оние што се оставени на ветрометина.

Овој Предлог на закон оди во прилог на граѓаните на Република Македонија, бидејќи нема поголема опасност за банките од нервозна, хистерична реакција на штедажите. Тие се најголема опасност за банките. Зборуваа колегите економисти, да не се навраќам и јас, 96% од активностите на домашните банки се потпираат на домашните депозити. Затоа, не гледајте само во банките дека има луѓе што штедат, па на сите фирми кај им се парите, каде се оние мали и средни претпријатија и каде ги чуваат парите. Тие добро што работат ги имаат тие фирми над 10 илјади евра, како нив после ќе им гарантираме слобода во инвестицијата и во вложувањето на нови проекти во 2009 година. И, ние остануваме изолирани, а целиот свет зборува за криза, целиот свет зборува за помош од меѓународниот монетарен фонд, ние го истеравме за да не гледа колку пари трошиме за реклами, секаде текстилната, челичната индустрија се на удар. Бидејќи тоа се случи во Македонија, значи како работи ВМРО-ДПМНЕ. Санадер и Хрватската влада во јануари имаа “Знаењето е сила, знаењето е моќ”, ВМРО-ДПМНЕ тоа го прави во март. Санадер има акција за толеранција во февруари, ВМРО-ДПМНЕ го има во јуни. И тоа на вас ви е јасно. Сега, сакате да ви кажам која е следната кампања што ќе ја направите? Тоа што го направи Санадер, замрзнување на платите. Ние мораме овде да донесеме одлука кога ќе го носиме буџетот, дека не смее во 2009 година да има покачување на платите. Сите менаџери рековме енергетските компании го направија во регионот, само Чинговски ја зголеми 20%. Ние мораме да покажеме дека еден потег, бидејќи Владата не направила ниеден досега, да направиме потег со кој што ќе покажеме дека нешто во светот се случува, дека тоа што за Британија е најголема криза, тоа што за Исланд е најголема криза, тоа што за Америка е најголема криза, не може Македонија да биде изолирано острово во кое што така ќе не одбегне, тоа неколку души го кажаа во изјави дека е ова облак па ајде, ќе отиде над Македонија.

Што друго Владата прави, а обратно, да му наштети?

Вчера бев во Радовиш. 414 работници ќе останат без работа само заради Владата. Владата им текнало дека за да обноват еден коп и да побараат концесија од 9 милиони евра, сега на Бучим, во најголемата криза светска, 414 работници од Бучим, 200 се од ФЕНИ, 250 од Макстил. 200 и неколку беа од Силмак. Тие луѓе не знаете дека ги отпуштаат од работа? На Сител не ви кажуваат тоа? Е, па уклучете друга телевизија, ќе видите. Уклучете друга телевизија таму зборуваат дека се случуваат отпуштања во Република Македонија. Дека нема логика да се покачуваат платите во овој период.Дека ваков Буџет треба да се базира врз реални основи и дека тој раст што само Слаевевски и Ставрески го гледаат, министерот за економија вели дека нема да биде така. Дека ќе биде помал. Врз база на што го темелите тоа?

И затоа, мислам дека кога, еве да не злоупотребам, не спомнувам имиња, кога можевте за претходниот закон да гласате по сопствено видување, ова е уште подобра шанса да гласате по сопствено убедување заради Македонија, заради илјадници луѓе кои ќе останат без работа идната година. Бидејќи е тоа светски проблем од кој што не можеме да излеземе.

И плус, тука ќе завршам, што мислите, луѓето што ги отпуштаат во Словенија и Германија се Словенци? Колку Македонци има таму? Македонците ги работат, за жал, најтешките работи и во Словенија и во Германија и во Шведска. Тие ќе се вратат во Република Македонија догодина. Како држава мораме да бидеме подготвени, а не да мислиме дека се што зборуваат Ставрески и Славески е точно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Дулиќ Благородна, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Јас сум навистина импресионирана што и покрај големата загриженост на колегата за она што беше кажано во Сител да толку внимание поклонува на моите дискусии, моите мислења, искажани на комсијата. Меѓутоа, морам да му кажам дека Сонадер не го гледал до крај, кој што кажа дека ќе ги замрзне издатоците за енергетската сиромаштија во Хрватска. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Макрадули Јани.

**Јани Макрадули:** Може да замрзнете нешто што постои. Значи вие докажавте и дека таков закон постои во Хрватска и дека не убедувавте на Комисија дека таков закон нема. А сега гледам дека сте ретерирале, очигледно ве информирале добро.

Јас читам што пишува во Извештајот, бидејќи тоа е тема денеска на расправата. Извештајот на Законодавно-правната комисија и по него се гласа. Ако мислите вие дека ние не го знаеме Деловникот, тоа е ваш проблем како претседател на Законодавно-правната комисија. Инаку, според Деловникот ние го гледаме Изештајот на Законодавно-правната комисија. А Законодавно-правната комисија вели “цени Дулиќ дека е надмината кризата”. Па тоа ли треба да прави Законодавно-правната комисија. И затоа прашав

врз база на кои аргументи цените дека е кризата надмината, како банкарскиот систем е затворен и не е поврзан со светските банки. Јас мислам дека тоа ни должи претседателот на Комисијата што не го потпишал ова објаснување.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика господинот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги,

Сакам да му реплицирам на почитуваниот колега Макрадули заради тоа што пред нас и денес имаме еден контраверзен закон и ќе ви кажам од кои причини.

Некни, можеби невнимателно, во страста на репликата кажав оти законот што го подготвивте е пишуван на колена. Сметам дека и овој закон што денес ни го понудивте исто така е напишан ама на другото колено. Се убаво, Европската комисија на 7 октомври во Луксенбур донесе препораки и насоки за европските земји да ги зголемат банкарските гаранции на своите штедачи во одредени износи.

Значи, ако досега минимумот бил 20 илјади евра, секоја од земјите членки на Европската комисија имаат можност да ги зголемат најмалку на 50 илјади евра, а поголем број земји, како Грција, Исланд, Литванија на 100 илјади евра, а Норвешка дури и на 250 илјади евра. Значи, тоа е индивидуално, секоја од земјите членки Европската заедница ги зголеми тие ставки. Босна и Херцеговина има на пример гаранции од 5 илјади евра. Српскиот премиер пред некој ден изјави- досега имавме гаранции на 3 илјади евра, сега ќе ги направиме 50 илјади, а ако треба до година ќе бидат и 100 илјади евра. Овој Предлог закон што денеска го имаме на нашите работни маси, мислам оти е баш така скован или баш така направен, преку ноќ да ги направиме 10-те илјади евра гаранции на 50 илјади евра без некоја покомплексна анализа.

За анализата ваша да изгледа конплексно се повикувате дури на нобеловецот Штиглиц, Џозев Штиглиц, кој што ќе биде иден претседател на Советот на Обединетите нации за економски или глобални кризи. Меѓутоа истиот човек кажува дека банкарските гаранции треба да одат во некаква пропорција со годишниот бруто-развој на една земја. Или најмногу двапати по бруто домашен производ од глава на жител. Тоа се мисли на овој нобеловец на кој вие се повикувате.

Зошто велам дека има контроверзи во овој Предлог на закон.

Се повикуваме на институции надвор од земјата, се повикуваме на искуства од други држави. Меѓутоа, претседателот на Европската комисија Баросо, после овие интервенции на Европските земји ќе изјави - одредени земји членки на Европската унија, заради страв од последици на финансиската криза можат да доведат до повторна национализација на европскиот финансиски систем, а со самото тоа и до низа негативни последици за многу земји. Ако е поентата во тоа да се враќаме повторно на некои надминати веќе европски токови, а сметам дека овој набрзина скован Предлог-закон оди токму во таа насока, а не знам во која насока на заштита на штедачите, навистина од тие причини ќе бидам против гласањето на овој закон што денеска го разгледуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Јас реков, откако ќе прочита некој пратеник од ВМРО ДПМНЕ еден закон после може да се буни дали и на кој начин пратеничката група на СДСМ ги пишува законите и дали тоа го пишува на табла, на биро, на компјутер или на некое друго место што вие го спомнувате.

Вие можете да живеете во убавите зборови овде во Парламентот, но додека вие тоа го зборувате 750 луѓе во Република Македонија останаа без работа. И не само тоа, кога ќе затворат големите гиганти, тоа не се одразува само на вработените таму. Има коопепанти кои носат хартија, храна, кој ја одржува мензата итн.

Додека вие зборувате, илјадници луѓе во Македонија ќе останат без работа. Владата мора да направи нешто. Ако вие мислите дека само со метафори тоа ќе го браните, постапките на Владата, ништо не сме направиле.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Пред нас имаме еден закон што се однесува на светската економска криза што го зафати светот што нема да ја одмине Македонија и со тоа мораме да се соочиме. Тема што мислам дека не треба да познава партиски работи заради тоа што, сериозноста со која што се наметнува во светот, го исклучува од неа она што се вика партиско поентирање и тоа најголемите земји го прават. Имено, беше спомнато од неколку колеги американците, во Конгресот заеднички и демократите и републиканците донесоа одлука со која што 700 милијарди долари беа префрлени во банките за да се спаси банкарскиот сектор. Двајцата тогашни претседателски кандидати, сенаторот Мекејн и сенаторот Обама тогаш, ја прекинаа кампањата за да работат на овој план. Истото го прави заедничката влада што ја имаат десницата и левицата во Германија итн.

Во таа насока би се исклучил себе си од тоа да тврдам дека совршено го познавам она што се случува во светот во моментот поради тоа што многу поголеми експерти од мене не можат да дадат таква дефиниција. Но, би се согласил со најголем дел од оценките што колегата Миле Андовнов доста стручно ги даде тука за генезата на кризата, како настанала, кои банки ја предизвикале, каде нашите банки ги чуваат

депозитите и затоа, за да бидам пократок и поефикасен, ќе се согласам со сето она што го кажа по однос на генезата на кризата што ни се случува.

По однос на законот што е предложен кратко би сакал да кажам три работи.

Првите две се однесуваат на штедачите односно на луѓето кои имаат пари во банките. Имено, според постојниот Закон, до 10 илјади евра гарантира 100% а до 20 илјади евра 90% државата и имајќи предвид дека не е забрането едно лице во повеќе банки да има свој депозити, во моментов 95% од паричните средства во Македонија се под гаранција, според овој закон што го имаме. Значи, 95% од средствата, како маса на средства, не како број на граѓани, туку како маса на средства што е многу побитно, што стојат во банките, се гарантирани според Законот што го имаме во моментот. Дополнително и премиерот и неколку луѓе од Владата кажаа дека, доколку не дај Боже се случи најлошото, односно доколку не дај Боже почнат да пропаѓаат банки во Република Македонија, што јас лично се надевам дека нема да се случи, дека државата комплетно ќе гарантира за сите влогови, без разлика на која висина се.

Она што се наметна како многу битно прашање во текот на целата оваа економска криза е практично генезата на кризата што настана од недовебата кон банкарскиот систем. Имено, економистите тоа го знаат подобро, банкарскиот систем функционира на начин што парите што граѓаните ги вложуваат потоа се обидува да ги пласира во кредити и на разлика на камати практично да направи заработка, поради што постојат и банките. Односно, тоа е смислата на постоење на банките. Така што најзначаен дел од средствата што граѓаните ги имаат како свои депозити во банките, банките после тоа ги пласираат како кредити и, доколку се случи 10% од средствата што како маса на средства граѓаните ги имаат во една банка, да се повлечат во еден ден, тоа може да значи крај за банката. Заради тоа што банката, тие средства, повторувам, ги пласира за да има смисла и каматата што ја исплаќа на граѓаните за тоа што ги чуваат средствата, а да има смисла и нејзиното работење.

Која е поентата на ова што го зборувам? Поентата на ова што го зборувам е дека една од основните причини на кризата е довербата. Довербата што се изгуби во банкарскиот систем. Се сомневам дека со ваков закон, што не велам дека е поднесен со лоша намера, можеме да испратиме лоша порака до граѓаните, да внесеме паника и практично да тргнат во еден ден да ги повлекуваат паричните депозити што ги имаат во банките и да го направиме она што најмалку сакаме да се случи, верувам, сите кои седиме во Парламентот.

Логиката не вели дека треба да е така. Но, граѓаните не секогаш размислуваат економски правилно и не секогаш размислуваат онака како што вели Владата и Парламентот, од проста причина што секогаш на потезите на Парламентот и на Владата се гледа со доза на скепса, односно секогаш политичарите ја намеаат 100%-ната доверба од граѓаните. Тоа е дефиниција на политиката и тоа е така. И за тоа велам, ако изгласаме ваков закон, може многу лесно да ни се случи граѓаните да тргнат и да си ги повлекуваат своите депозити, што не го прават тоа и практично ние ќе се доведеме во ситуација да ги пропаднеме банките, државата ќе гарантира, тоа не е спорно, ќе ги исплати. Има доволно и девизни резерви што и стојат на располагање и други механизми, но може да се случи крах на банкарскиот систем што многу ќе ја чини Македонија.

Така што, ова се двете поенти во однос на законот што сакав да ги кажам.

Третата работа што сакав да ја кажам и од која што не можеме да избегаме, иако јас често немам навика да се потсетуваме на некои работи, но мораме да се потсетиме на една работа. Тоа е дека во 2000 година кога прв пат се предложи ваков закон од Никола Груевски кој тогаш беше министер за финансии, веројатно ретко некој од овие пратеници биле и тогаш пратеници, но тогаш во Собранието беше многу напаѓан тој закон. Се тврдеше дека немаме потреба од таков закон, дека тој закон може да предизвика дополнителни трошоци на Буџетот, дека создаваме недоверба во банкарскиот систем и тн. Една силна критика што постоеше кон носењето на тој закон тогаш, кога се носеше од страна на СДСМ тогаш како опозициона партија на чело на целиот тој тим на луѓе кои главно се занимаваа со економијата. Тогаш како опозиционер беше и Никола Поповски кој после тоа стана министер за финансии и некои други луѓе.

Поентата ми е дека решение што во 2000 година, кога се носел законот се гледало како лошо, еве сега, осум години подоцна имаме намера да се измени, односно гаранциите да се зголемат. Тоа е, ако сакате и една сатисфакција за политиката на ВМРО ДПМНЕ заради тоа што практично се признава дека мерките и законите што сме ги носеле во 2000 година, поврзани со финансискиот сектор, се правилни и дека уште од тоа време сме влечеле правилни потези.

Тука би сакал да завршам, со тоа што ќе кажам една работа што е вонредно значајна секаде во светот. Тоа е дека на ова прашање политичките партии, секаде каде светската економска криза граѓаните ги чувствуваат последиците од светската економска криза, политичките партии се обидуваат да испратат единствена порака за да го оставаат, колку можат, финансискиот сектор мирен за да не се создаде паника кај граѓаните, заради тоа што е тоа најдобриот начин да се спаси банкарскиот систем, да не се создаде паника кај граѓаните. Да не почнат да ги повлекуваат своите депозити и на тој начин да се сруши целиот систем.

Во таа насока се надевам дека ниту ВМРО ДПМНЕ, ниту СДСМ ниту останатите политички партии нема да, понатаму како и до сега, да се обидуваат да ловат поени тука, заради тоа што ако ни се случи најлошото џабе ни е кој ќе е на власт, кој ќе е во опозиција. Сите ќе ги чувствуваме последиците што веројатно со години и години не ќе можеме да ги решиме.

Во моментов имаме една, имајќи ја предвид ситуацијата, условно кажано среќна ситуација, а тоа е дека финасискиот сектор е релативно стабилен. Во реалниот сектор веројатно ќе има последици што ќе се резултат на она што ќе се случува во светот. Европа веќе оди во рецесија. Ние најмногу извезуваме, на пример, во Германија, така што тоа ќе се почувствува и од тоа не можеме да бегаме. Ќе треба заеднички да размислуваме, доколку се случи веројатно во текот на следната година како да одговориме на тие предизвици. Но, по однос на финансискиот сектор, она што е основно е да не создаваме паника помеѓу граѓаните за случувањата во финансискиот сектор. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е јавен господинот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе,

Навистина ја почитувам одлуката на колегата Александар Николовски да се јави да дебатираме заради тоа што тоа е вистинскиот пристап како да дојдеме до едно заедничко решение, на што и вие повикувате. Повикувате на заедничка одлука.

Господине Николовски, не е заедничка одлука само она што мисли Никола Груевски. Значи, опозицијата предлага закони, не на таков начин да биде понижена како што кажа господинот Шутаров, пишувани на колена.

Вие имате еден ваш пристап, ваше согледување и јас го почитувам. Затоа постои оваа говорница, да дебатираме. Ние сметаме на еден поинаков начин. Вие сметате дека со законот ќе се создаде паника, ние го мислиме спротивното. Го почитувам тоа што не повикувате на еден заеднички пристап, на една заедничка одлука.

Но не може Законодавно-правната комисија да носи онакви заклучоци без темелна анализа и експертиза. Тоа што вие го говорите и вие самите, да ве потсетам, во вашето излагање повикувате на сериозна експертска анализа. За да дојдеме до заедничко решение, навистина ни е потребна сериозна експертска анализа.

Јас имам спротивно мислење заради тоа што во овој Извештај на Законодавно-правната комисија не постои сериозна анализа. Тврдам спротивно на тоа што вие го тврдите. Дека 95% од средствата се загарантирани. Не е така. Не е точно. Демантирајте ме дека не е така.

Говорев пред малку за 184 милијарди од кои 107 се на граѓаните а 71 милијарда се орочени на подолгорочен период. Проблемот е што 50% од овие средства нашите банки ги пласираат во светските првокласни банки.

И, господине Николовски, ве уверувам ниту еден закон, никој не може да не спаси ако не дај Боже некоја од овие првокласни банки пропадне. Среќа е што владите на овие земји, особено во Европската унија, каде што лежат најголем дел од средствата, импутираат огромен капитал во банките заради стабилизација. И, заради тоа можеби ќе се спасиме од некаков посериозен крах во финансискиот сектор.

Од тие причини ние сметаме дека со предлагање на еден ваков закон, напротив, ќе влееме доверба меѓу граѓаните, дека средствата се гарантираа на одредена категорија на луѓе во поголем износ.

Го почитувам вашето размислување, ние имаме сопствено, преку една дебата доаѓаме до едно заедничко решение. Што се однесува до напаѓањето јас не сум бил пратеник во тој состав и тоа имавме можност да го видиме многу во овие два мандата, барем јас лично, вие жестоко ја критикувавте коалицијата СДСМ-ДУИ и сега сте во коалиција со нив.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Николоски Александар, повелете.

**Александар Николоски**: Ви благодарам претседателе.

Во ова што го кажа колегата Мисовски, генерално е во духот на она што јас го зборував, но само уште една работа да кажам односно да дополнам. Бројката која што ја кажав односно 95% од паричните депозити на граѓаните се практично гарантирани со постојните законски решенија кои што ги имаме, не е бројка и анализа на Александар Николовски туку тоа е бројка на сооодветните ирелевантни институции. Тоа меѓу другите го кажаа и претседателот на Владата и заменик претседателот на Владата. Ете, на нив ако не им верувате, тоа го кажа и гувернерот на НАродната банка на Република Македонија, така што луѓето кои што условно кажано се најповикани да одговорат на ова прашање, особено гувернерот на Народна банка тоа го кажа и јас немам причина да не му верувам на гувернерот на Народна банка дека е во овој момент така. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика за господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов**: Би сакал на колегата Александар да му реплицирам за две работи.

Првата работа: во неговата дискусија рече дека се согласува со законот, дека е во ред намерата на опозицијата да предложи ваков закон, но да не сме прателе порака до граѓаните кои се штедачи, евентуално да не се создаде паника. Мислам дека пораката со покачуваањето н а гаранцијата од 10 на 50 илјади евра е во обратна насока, дека граѓаните можат да бидат релаксирани, дека дури и да дојде до некоја паника до 50 илјади евра им се гарантира. Не можете вие да чекате да почне да станува проблем, а потоа наеднаш

да го правите она што го најави премиерот на телевизија дека ќе ги гарантирате сите штедни влогови. Мислам дека тука не можеме да се согласиме и ако веќе се согласувате со законот, еве заеднички и позиција и опозиција да го изгласаме и да пратиме порака дека сметаме дека нема паника и како превентивна мерка или како една од мерките предлагаме да се зголеми гаранцијата од 10 на 50 илјади евра.

Вие и самиот околу втората работа кажавте дека Никола Груевски кога бил во опозиција го предложил истиот закон, и тогаш бил критикуван, праксата ги потврдила тоа. Зошто тогаш и овој закон да не го изгласаме па праксата да покаже дали ќе има потреба. Јас би сакал да нема потреба од негова примена.

Но Владата ја разбирам, тука некој од колегите кажуваше, ние не цениме дека има слух кај Владата да превземе мерки, почнувајќи од проблемот со инфлација, проблемот со финансиска криза, сега проблемот со економска криза, нема ништо. Владата не сакаше да превземе мекрки против инфалацијата затоа што си го полнеше буџетот, и беше добро, нека оди цената на нафтата високо, цената на храната високо, ДДВ, имаше прилив во буџетот и сега кога ќе дојде буџетот за 2009 година ќе видиме во 2008 година колку инфлацијата го полнела буџетот, а Владата велеше дека е увезена и дека таа нема потреба да превзема мерки.

Мислам дека потфрлувате господине Николовски како владеачко мнозинстви и како Влада од аспект на навремено превенирање на евентуалните проблеми околу финансиската економска криза.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика Николоски Александар, повелете.

**Александар Николоски:** Ви благодарам претседателе.

Јас кажав дека во 2000 година е донесен овој закон, кога бевме ние на власт, кога беше Никола Груевски министер за финансии, чисто да бидеме коректни во дискусијата.

Инаку, во однос на паниката тоа ќе ви го објаснам пластично. колку и да има рејтинг и ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, заедно немаме 100% рејтинг, така што граѓаните не не гледаат секогаш со полна доверба и не секогаш, особено кога се работи за нивни пари размислуваат на начин на кој ние размислуваме и јас го прифаќам тоа дека не можеме ние секогаш да препознаеме како размислуваат граѓаните заради тоа што сме од другата страна, но значајни теоретичари говорат дека не размислуваат на тој начин. впрочем и она на што се заснова светскиот поредок во моментот е довербата, најкапиталното дело на 21-от век се вика “траст” или доверба, така што тоа е поентата.

Во однос на законот што го предлагате се отвораат прашалници која структура ја штитите заради тоа што тие 5% навистина се најбогатите луѓе во Македонија и се луѓе кои и вака и така се под прашалник на кој начин и како ги чуваат парите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика за господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ќе реплицирам во однос на неколку работи.

Прво, и предлог законт во Ирска со кој се гарантираат 100% од штедните влогови и предлог закон во Словенија со кој се гарантираат 100% од штедните влогови и предлогот во Бугарија во своето образложение имаат една единствена работа, а тоа е за поголема доверба кон банките и за да се намали несигурноста кон штедачите. Очигледно во извртената логика кога се бараат тези се обидуваме да најдеме некоја мана на закон, а на овој закон единствената мана му е што се предлагачи пратеници од СДСМ. Ако тоа што е нормално за повеќет о земји во светот кај нас не смее да биде затоа што е предложено од пратеничка група од СДСМ во опозиција.

Второ, сакам да реплицирам и да демантирам една работа. Фондот за осигурување на депозитите е формиран како акционерско друштво од банките и штедилниците во 1997 година во декември. Во 2000 година државата ги откупува акциите од банките и штедилниците и тогаш преминува во државна сопственост. Инаку ако во 2000 година министер бил Груевски, а премиер бил Љубчо Георгиевски, тоа е надобра потврда дека СДСМ изгледа не е 17 на власт, туку кога има добри работи тогаш Груевски бил на власт, ама за другите работи не бил на власт. На пример Груевски не бил на власт кога се продаваШе Окта со која се труе населението на Скопје - не, тој беше отсутен тогаш, беше некаде излезен во тој момент, ама затоа кога нешто друго се случило тој бил на власт, ама тоа е како ги гледаме работите. Ама додека сме слепи во идеологијата, работниците остануваат на улица без работа и не дај Боже да чекаме да дојде 2009 па да видиме што ќе се случи. Очигледно ќе се случи нешто на лошо, ама ние не можеме да ја натераме Владата една мерка да превземе, а не десетина како што прават сите држави во светот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика за господинот Андонов Миле, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам претседателе.

Во дискусијата на почитуваниот колега Александар Николоски се гледа дека денес по оваа точка најмалку има политика во овој предлог закон. се што може да се каже е со реални вредности, со економски односно реални факти.

Колегата во неколку наврати ја спомна довербата. На довербата ќе и дадам равенство на психолошкиот ефект. Овде во целина се согласуваме од она што ние како пратеничка група го бараме, еден од фактите зошто сакаме и бараме да со усвои овој закон. Дали ќе биде контрапродуктивно ако се зголеми износото од 10 на 50 илјади евра, ние како пратеничка група

велиме дека тоа ќе има позитивен ефект, доколку тој и неговите колеги велат дека тоа ќе биде негативен ефект, ќе потсетам само на една работа и ќе завршам. Имено, колку закони се донесоа овие 4 месеци по итна постапка, а сите тие беа пресликани од искуствата на земјите членки во Европската унија . Многу, многу закони. И зошто сега не се повикаме на искуствата на тие земји членки на Европската унија кои се и побогати и помоќни од нашата економија и не го прифатиме фактот односно реалноста дека кај нив плафонот на осигурување се зголемува или веќе кај некои и во целина се покрива. Овде не држи место апсолутно дека контра ефективно ќе биде зголемувањето на износот до 50 илјади евра. Скриено колегата Николоски сакаше да каже дека Владата е спремна во најмала мера, доколку дојде, и во целина ќе ги покрие депозитите. Меѓутоа, мислам дека треба коректно доколку знаат дека тоа ќе се случи да ни го кажат, да знаемесо каков закон ќе предлагаме.

Ја спомена 2000-та година и донесувањето на законот од страна на тогашниот министер за финансии, почитуваниот сега нивен премиер Груевски. Точно, законот како таков е донесен таа година, еве сега после колку години бараме зголемување на тој износ. Ќе го запраШам колегата дали во тоа време па и подоцна не се укина Алмако банка, Експорт Импорт банка, Радо банка, Македонска банка, дали не се укинаа еден број штедилници и што ако некоја од сегашните 18 банки од кои 11 се со странски капитал крахира, каков ќе биде психолошкиот момент, каква ќе остане довербата на граѓаните.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Николоски Александар, повелете.

**Александар Николоски:** Благодарам

Еве, Македонска банка е најсвежа и покажавме дека овој закон фунционира односно најзначаен дел од луѓето се обештетени што имале влогови до 20 илјади евра.

Се поставува едно друго прашање. Кажавте дека има 18 банки. Ако во секоја од тие банки еден граѓанин има вложено 20 илјади евра тоа е на физичко лице 360 илјади евра. Кажете ми колку граѓани во Република Македонија имаат лично богатство над 360 илјади евра во кеш кое што можат да го вложат во банка и кого ние тоа штитиме, заради тоа што 18 банки колку што кажавте по 50 илјади евра се многу повеќе пари, значи очигледно денес ние расправаме дали на Штерјо Наков ќе му бидат сигурни парите или не или слични на него кои на сомнителен начин, извинете, ги заработија парите. Оние кои што чесно ги заработуваат парите им се заштитени заради тоа што јас лично не познавам многу луѓе што имаат 360 илјади евра во кеш. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес на дневен ред е законот за изменување на Законот за фондот за осигурување на депозити. Овој закон е предложен според новиот Деловник од група пратеници што значи дека и покрај недопаѓањето односно напаѓањето на новиот Деловник сепак имаме некои користи кои ги доакжуваме практично и тој заживува, така што не секој пат она што го предлагаме и усвојуваме е лошо за опозицијата. Во овој случај би требало да се прифати дека имаме и позитивни работи.

Со овој закон исто така се констатира една работа што е легитимно право на опозицијата да го бара гласот на граѓаните односно да ја напаѓа власта и тоа со некои аргументио кои според нив држат, меѓутоа според реалноста ќе се потрудам да докаам дека не држат.

Јас како политичар потекнувам од производството и ги имам поминато сите фази во формирањето на банкарскиот систем во Република Македонија, ги памтам моемнтите кога беше права уметност и чудо да се отвори акредитив преку нашите банки, кога немаше покритие, кога од оваа говорница се кажуваше дневната ликвидност на Република Македонија е поставена во прашање. За таквите работи сите ние сме сведоци, меѓутоа, ги гледаме работите од различни аспекти. Јас ги гледам од аспект на производител, од аспект на оној што ги доживеал маките од банкарскиот сектор. Токму заради тоа ќе кажам некои факти што се дадени во извештајот на Министерство за финансии и Народна банка.

Ставката на раст на БДВ за сега до септември изнесува 6,5% со што продолжува започнатиот тренд на остарување на повисоки стапки за разлика од оние што ги има во светот. Да бидеме реални тоа се должи на фактот што нашето стопанство е премало и оние рецесии што се случуваат, најголемите после 1929 година што се случуваат во светот сепак сега за сега нас не можат да не зафатат заради тоа што нашето стопанство е доста мало.

Во рамките на индустријата вистина е дека регистрирано намалување на производството на металите, но ова е неутрализирано со пораст на производите од металопреработувачката индустрија.

Понатаму, во периодот јануари - август е остварен номинален раст на плата од над 10% , 0,5% на реална основа поради високите трошоци односно високата инфлација што ја имаме во тој период. Факт е дека овде имаме во монетарната политика релативно рестриктивна во однос на претходните години и поради тоа имаме зголемување на каматните стапки и благајничките записи за еден индексен поен.

Сега она најважнот. Анализата на остварувањатана банкарскииот сектор покажува дека примарните пари во септември забележуваат пораст од 5,1% како резултат на пораст на готовите пари во оптег, порастот на

вкупните ликвидни средства на банките. Во однос на септември 2007 година, значи за една година примарните пари забележаа пораст повеќе од 23% од што произлегува зголемена ликвидност на банките во Република Македонија.

Понатаму депозитит на приватнито сектор во септември 2008 година изнесуваат 148 илјади 428 милиони денари ина месечна основа регистрираат пораст од преку 3%.

Понатаму, според ивештајот на Народната банка на Република Македонија - сакам да ме слуша колегата Мисовски заради тоа што тој даде еден друг податок, во 2008 година вкупната изложеност на македонските спрема странските банки изнесува 30,8 милијарди денари што претставува само 12% од вкупните средства и како процент не би требало да предизвика некој сеериозен проблем поради тоа што процентот е мал и поради тоа што тие странски банки сепак се селектирани односно тоа се како што рековте и вие првокласни светски банки.

Банките ви Република Македонија исто така според извештајот на Народна банка се добро капитализирани, располагаат со адекватно ниво на споствени средства и во целина ги покриваат идентификуваните досегашни ризици. Исто така извешаите од Народна банка до септемрви месец оваа година укажуваат дека активносттие на банките продолжуваат да се развиваат по нагорна линија забележувајќи пораст и во износот на прибрани депозити и во износот на одобрени кредити. При тоа каматните стапки за овие активности бележат умерен пораст за помалку од еден процентен поен, што сепак не претставува некоја основа за алармантно сценарио.

Токму поаѓајќи од овие факти кои што ги имаме како извештај кои се до пред еден месец, сметам дека треба да се прифатат и формалните и неформални разговори и официјлни иззјави од страна на најголемите банки во Република Македонија, од нивните први луѓе, односно она што сите го повторувавме овде и јас го повторувам довербата во банките што ги имаме во државата, од 18 банки знаеме дека 11 се со доминантен странски капитал. Ако тие први луѓе во најголемите банки тврдат дека во секој момент, во секој се подразбира промтно, неколку дена се во состојба да ги сервисира сите свои клиенти,сите свои штедачи, не треба овде да создаваме никаков страв, никаква паника за да предизвикуваме некое сценарио што некој го посакуваат за да може да се оцрни Владата, да се каже дека оваа Влада не работи и оваа Влада нема мерки со кои ќе ја надмине рецесијата која секако ќе не нападне, меѓутоа не во така голема мера.

Токму поради тоа апелирам до колегите од опозицијата овој свој предлог да го повлечат заради тоа што сметам дека е без предметно да одиме на 50 илјади евра, од 10 на 50 илјади евра, можеби е подобро да ги кажеме сите. Па тогаш да разговараме и во такви услови да можеме да донесеме таков закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе.

Сега имаме дилема. Очигледно законот, јас пак ќе кажам единствена мана на законот му е што е предложен од СДСМ. Инаку, општа е констатацијата во парламентарното мнозинство дека ќе имало мала криза, ќе имало мала рецесија, што за разлика од Владата која вели дека ќе не одбегне се, е една нова дилема што се јавува во Македонската јавност.

Второ, очигледно е дека е ова мерка што е позната и што постои во светот. Што неколку држави ја примениле. И плус, премиерот на Владата на Република Македонија, господинот Никола Груевски, во трагикомичното шоу "сто дена" на Македонската телевизија кажа дека ако има потреба Владата ќе гарантира се. Ама, откако ќе настане паниката, отпосле не треба. Дури тогаш ќе настане каша и попара.

Затоа, државите што држат до својот дигнитет и економски и политички тоа веќе го направиле. Реков го направи Ирска, го направи Словенија, го направи Бугарија.

Моите неколку дилеми се реплики и се однесуваат на податоците што господинот Димитровски ги кажа. Читаме едни податоци, како во државата навистина да е рај. Инаку, по истите тие податоци ако продолжите, Државниот завод за статистика, се вели дека потрошувачката корпа во Република Македонија, во однос на претходниот месец е повисока за 2,9%. Или, 80% од платата на луѓето оди на потрошувачката корпа.

Или, третото прашање што го отвори господинот Димитровски е дека, а тоа нема дилема и тоа не радува што пратениците на ВМРО ДПМНЕ потврдуваат дека повеќе од 50% од пазарот во финансискиот и во банкарскиот систем е на странци, бидејќи сите рекоа дека 11 од вкупно 18 банки се во сопственост на странски банки, моето прашање е дали во криза, што очигледно е западното банкарство, тука никој немаме дилема, никој не бега од тоа, во вашите дискусии. Може да се случи странските банки да не ги одржуваат своите филијали во Македонија. Или, кога зборував за таа компетитивност, имате банка што не е гарантирана од македонската држава, имате банка што има филијала овде, што е гарантирана со 28 милијарди евра од сопствената држава, а филијалата се наоѓа овде. На кого инвеститорот ќе му се довери повеќе? Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека доаѓаме до една ситуација кога или не се познава материјата или пак намерно се забошотуваат некои факти.

Без оглед дали е банката, тие 11, дали се во домашна или странска сопственост, таа подлежи на законите во Република Македонија. За неа единствено е надлежна Народната Банка на Република Македонија. Што тоа значи? Народната банка диктира дали депозитите ќе бидат оставени во Република Македонија или ќе дозволи на таа банка, без оглед што е доминантен сопственик надворешно лице, надворешна банка, не може туку така да си играат со средствата на граѓаните во Република Македонија.

Сакам да ви дополнам во моментот 350 милиони евра се во благајнички записи, 150 милиони евра се како резерва во Народната банка на Република Македонија, што е сосема доволно за избегнување на секаков вид на финансиска криза.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Колегата Ратко се обиде во своето излагање да каже и дел од податоците објавени во Државниот завод за статистика што се однесуваат воопшто на економијата, не само на финансискиот сектор. Притоа се обиде многу итро да ги презентира само оние податоци што одат во прилог на ВМРО ДПМНЕ.

Ако зборувате господине Димитровски за раст од 6,5% за вториот квартал, тогаш кажете какви се предвидувањата за третиот квартал, уште повеќе за четвртиот квартал. Таму каде што сте ја читале информацијата стојат предвидувања во четвртиот квартал може да биде буквално и избришан целокупниот пораст на македонската економија.

Исто така, на сајтот на Народната банка има една нова информација што се однесува на проценките на банкарскиот сектор, анкета како ќе се дивжи банкарството во наредната година. Проценките се дека ќе стагнира и дека можеби ќе се намали дел од нивната работа.

Трета работа, кога зборувате за економската состојба, кажете колкав е трговскиот дефицит. Колку изнесува, според тие податоци имате таму, дефицитот на тековната сметка. 450 милиони долари, што е голема сума за Република Македонија. Зошто никој не излезе од Владата и еве вие, кажете како ќе го покриете тој дефицит. Зошто девизните резерви ги симнавте на тромесечно покривање. Беа на 4 и повеќе.

Сериозните влади и луѓе кои ги анализираат овие податоци и состојби укажуваат дека треба да се преземат некои мерки. Во најмала рака за дефицитот. Сега вие, покрај дефицитот на тековната сметка правите дефицит и во Буџетот. Тука да знаете дека тоа е голема опасност во услови кога паѓа економијата. Ќе ја заздолжите државата и на долг рок ќе го ускратите развојот.

Тоа што некој од колегите си прават филмови дека така ќе се финансира јавната потрошувачка и јавните инвестиции, тоа е меч со две острици, треба да знаат. Поиздржан раст на приватниот сектор нема. Тоа што Владата ќе се обиде да го направи со јавни работи, може само да помогне да се спречи падот, а никако да дојде до раст на економијата.

На крајот, навистина во вашето излагање не видов причини зошто да не се поддржи овој закон, бидејќи ја зголемува, праќа порака до штедачите дека државата ја зголемува гаранцијата. Ништо повеќе.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика Димитровски Ратко.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека сме на сериозни разидувања во размислувањата, односно давањето на фактите. Никаде не спомав во моето излагање дека ги користам податоците од Заводот за статистика. Спомнав дека ги користам податоците што се најтековни, од Народната банка на Република Македонија, што е задолжена месечно да ги следи паричните токови во Република Македонија.

Што се однесува до порастот, ако бил 6,5% во првите 10 месеци јас ве уверувам дека бројката од 6% ќе биде надмината во декември оваа година.

Што се однесува до гаранциите, можам да ви кажам, а тоа самите го рековте, дека постојното ниво на депозитите се со тие што ги има сега, со кои што располага Народната банка се доволни да покријат дури повеќе од 90% од депозитите што ги имаат граѓаните во Република Македонија.

Сосема на крај не 50 илјади евра, јас реков сите износи да бидат гарантирани. Не до 50 илјади евра.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика господинот Мисовски Горан.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Господине Димитровски,

Само ќе продолжам онаму каде што мојот колега Марјанчо Николов застана, а се во насока на веродостојност на податоците, бидејќи го спомнавте економскиот раст.

Сакам да ве информирам, претпоставувам дека ќе ги прифатите овие податоци како веродостојни, во Економската комисија во Брисел постои Комесаријат за економија што дава оценки и полугодишни прогнози за македонската економија. Комесаријатот за економија го води господин Јоаким Алмиња. Во последната проценка за тоа каде ќе се движи македонската економија ни укажува дека во текот на идната година, под влијание на глобалното економско забавување, условите за извоз на Македонија ќе се влошат. Според тимот на Комесаријатот за економија, економскиот раст ќе се намали на 4,5%. Предвидувањата на Европската комисија дека 5% економски раст на Македонија, заради светската економска криза ќе може да достигне дури во 2010 година. Тоа е официјален документ од Европската комисија.

Истиот тој тим, почитуван господине Димитровски во неговиот извештај дава позитивна забелешка дека странските инвестиции во текот на 2008 година се зголемени за 6% во однос на 2007 година. Ама, 90% од овие 6% се во банкарскиот сектор.

Од тие причини укажуваме на можност на некакви проблематични состојби во финансискиот сектор.

Вие спомнувате некој процент од 12%, како нешто што не е алармантно. Пресметајте во евра колку тоа 12% значи.

Сакам уште еднаш да ве потсетам на изјавата на директорот на Европската банка за обнова и развој и секако што е многу важно за Македонија и за македонските граѓани, штедачи веќе една од најголемите банки е во посед на грчка банка. Изјавата на гувернерот на Грција кој ги повика големите грчки банки да запрат со одлив на капитал од земјата за да се чува и инвестира во грчки компании што не се во состојба да ги исплатат своите кредити.

Заради сето ова што се случува во сферата на финансиите, ние го предлагаме овој закон токму од тие причини за да не се создава паника кај населението. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** И со оваа дискусија и со оваа реплика се докажува дека имаме нееднаков дијалог. Не зборуваме за иста тема, за иста материја.

И на претходниот колега му кажав и сега повторувам дека без оглед на тоа кој е доминантен сопственик на банката во Република Македонија, за неа важат законите на Република Македонија и на неа врши супер визија Народната банка на Република Македонија. Ние не можеме да се повикуваме на гувернер на некоја странска банка и воопшто не е во ред да спомнуваме оваа или онаа банка, заради тоа што на тој начин, во банкарскиот сектор се создава недоверба. На тој начин поедини банки можат да се оквалификуваат како недоверливи и како оние каде штедачите ќе побрзаат да си ги подигнат своите пари.

Уште еднаш сакам да повторам дека со сегашните резерви што ги има, имаме покриеност на 90% од депозитите на граѓаните во Република Македонија, што не дава никаков основ за аларм или за некаква трагична, односно таква алармантна ситуација.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Пред да преминеме понатаму, молам службите да утврдат точен број на пртеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата)

Во салата има 62 пратеници.

Врз основа на извештаите на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на закон за изменување на Законот за фондот за осигурување на депозити не е прифатлив и не може да се даде на натамошно, односно на второ читање.

2. Овој заклучок, заедно со извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и на Законодавно-правната комисија, како и стенографските белешки од седницата на Собранието да се достават до предлагачот на законот.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Вкупно гласале 61 пратеник.

Од нив за предложениот заклучок гласале 53 пратеници, воздржани нема, 8 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Колеги пратеници, дозволете ми од мое и ваше име на припадниците на Албанската заедница да им го честитам претстојниот празник 22 ноември Ден на албанската азбука.

Со тоа ја прекинувам седницата.

За продолжение на оваа седница дополнително ќе бидете известени штом се создадат деловнички можности.

Инаку, во понеделник ќе имаме редовно закажана седница во 11,00 часот. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,13 часот)